**И т н о – ВРЕМЕНА МЕРКА!**

**ДО: УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА** СЕВЕРНА **МАКЕДОНИЈА**
ул. „Кеј Димитар Влахов“ бр. 19 – 1000 Скопје
тел.–факс: 02/3119-355 | www.ustavensud.mk | mail@ustavensud.mk

**П О Д Н О С И Т Е Л И:**

1. **БИЛЈАНА ВАНКОВСКА-ЦВЕТКОВСКА – ВО СВОЈСТВО НА ПОТВРДЕН НЕЗАВИСЕН ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ КАНДИДАТ**

2. **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА – ВО СВОЈСТВО НА ОПОЗИЦИСКА ПАРЛАМЕНТАРНА ПАРТИЈА**
бул. „Јане Сандански“ бр. 113-А/4 – о. Аеродром, 1000 Скопје
ЕМБС: 7108192 | ЕДБ: 4044016512070
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729

# И Н И Ц И Ј А Т И В А

## ПРЕТСТАВКА ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА НА ПОДЗАКОНСКИ ПРАВЕН АКТ

### I

Целта на оваа иницијатива за конституциона, јудициелна, нормативна, репресивна и апостериорна контрола in abstracto, е поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на ***Упатство за радиодифузерите за претседателските и за парламентарните избори 2024*** *бр. 01-1550/1* **–** како подзаконски општ правен акт, донесено од страна на **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** на 29 март 2024 година (во понатамошниот текст: „**Упатство**“) – делумно, и тоа во точка 3 од Упатството, која гласи:

*„3. Во согласност со распределбата на времето за платено политички рекламирање утврдена во член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, вкупно деветте минути и триесет секунди (00:09:30) на реален час емитувана програма, подносителите на листи ќе ги користат на следниов начин:*

- *Во максимум 4-те минути наменети за двете најголеми политички партии од позицијата, кои на последните парламентарни избори освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи/кандидатите за претседател – Стево Пендаровски, поддржан од политичката партија СДСМ; и Бујар Османи, поддржан од политичката партија ДУИ.*
- *Во максимум 4-те минути наменети за двете најголеми политички партии во опозиција, кои на последните парламентарни избори освоиле најмногу*

*гласови, ќе се емитува платеното политичкото рекламирање на подносителите на листи/кандидатите за претседател – Гордана Силјановска-Давкова, поддржана од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ; и Арбен Таравари, поддржан од политичките партии Алтернатива и Движење БЕСА.*

- *Во максимум 1-та минута наменета за политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи/кандидатите за претседател – Билјана Ванковска-Цветковска, поддржана од политичката партија Левица; и Стевчо Јокимовски, поддржан од политичката партија ГРОМ.*
- *Во преостанатите 30 секунди наменети за политичките партии кои не се застапени во Собранието или кандидати ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителот на листа/кандидатот за претседател – Максим Димитриевски, поддржан од политичката партија ЗНАМ.“*

## II

Оваа иницијатива за оцена на уставноста и законитоста на горенаведените оспорени одредби ја поднесуваме, согласно член 24, став 1; чл. 108; чл. 110, ст. 1, ал. 1 и чл. 112, ст. 1 од ***Уставот на Република С. Македонија*** (1991); како и чл. 12 од *Деловникот на Уставниот суд на РМ* (1992).

## III

Во склоп на оваа Иницијатива, поради итноста и сериозноста на ова правно прашање, паралелно и симултано истакнуваме и посебно **Барање за изрекување времена мерка** (по чл. 27 од *Деловникот*) – поради тоа што со спроведувањето во пракса на оспорената точка 3 од Упатството, може да настанат тешко отстранливи и штетни последици по демократијата, изборниот процес и политичкиот плурализам како темелни вредност на уставниот поредок на Републиката! Поради ова, неодложно бараме и инсистираме – во текот на траењето на постапката, а до донесувањето конечна одлука по предметов, во рок не подолг од три работни дена – Судот да донесе привремено *решение за запирање на извршувањето на акти или дејствија* преземени врз основа на оспорениов подзаконски правен акт.

## IV

Бараме комплетно ***поништување,*** т.е. **целосна касација** со ретроактивно дејство (лат. *ex tunc* = „оттогаш“) или ***укинување*** со дејство *ex nunc* („отсега“ за во иднина) на оспорената точка од побиваниот правен акт – по Ваша проценка и со Ваша конечна и мериторна одлука – од причини што, основано, сметаме дека постојат неотстранливи материјално-правни причини за ништовноста / рушливоста на

оспорените одреби, кои се во директна спротивност со Уставот на РМ и Изборниот законик, а кои детално ќе ги објасниме во образложението подолу.

## V

Сметаме дека горенаведените норми од побиваниов акт се спротивни на следниве ***уставни одредби***, стипулирани во нормативниот дел на *Уставот на РМ* (1991) – особено во Делот I: *Основни одредби*; во Делот II: *Основни слободи и права на човекот и граѓанинот* – оддел 2 „Економски, социјални и културни права“, оддел 3 „Гаранции на основните слободи и права“ и оддел 4 „Основи на економските односи“:

а) **чл. 1, ст. 1 од УРМ**:

*Република Северна Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава.*

б) **чл. 8, ст. 1, ал. 1, 3 и 5 од УРМ:**

*Темелни вредности на уставниот поредок на Р. Македонија се:*
т. 1: *основните слободи и правана човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот;*
т. 3: *владеењето на правото*;
т. 5: *политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори*.

в) **чл. 9, ст. 1-2 од УРМ:**

*(1) Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.*
*(2) Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.*

г) **чл. 16, ст. 1-3 и 7, од УРМ:**

*(1) Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.*
*(2) Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.*
*(3) Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации.*
*(7) Цензурата е забранета.*

д) **чл. 22, ст. 1-2 од УРМ:**

*(1) Секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право.*
*(2) Избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање.*

ѓ) **чл. 23, ст. 1 од УРМ:**

*Секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.*

е) **чл. 51 од УРМ**

*Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.*
*Секој е должен да го почитува Уставот и законите.*

***

Исто така, сметаме дека горенаведениот дел од побиваниот подзаконски акт се спротивни на следниве ***законски одредби***, стипулирани во **Изборниот законик** (Сл. весник на РМ бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019 и Сл. Весник на РсМ бр. 98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/2021 и 58/2024) – особено во Делот VI. *Изборна кампања*:

а) **Чл. 70, ст. 2 од ИЗ:**

*Учесниците во изборната кампања имаат право на рамноправен пристап и под еднакви услови да ги користат сите видови на политичка пропаганда, известување и други облици на пропаганда чија цел е да се влијае на одлуката на избирачите при гласањето.*

б) **Чл. 75, ст. 1 и 2 од ИЗ:**

*(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да го покриваат изборниот процес, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма. Јавниот радиодифузен сервис и националните радиодифузери се должни тоа да го прават на пристапен и достапен формат и јазик како и на знаковен јазик.*

*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување – вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно информативни програми, актуелно информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*

в) **Чл. 75-а, ст. 1, т. а) од ИЗ:**

*(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборниот процес во сите облици на изборно медиумско претставување, а националните радиодифузери ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на пристапен и достапен јазик и формат, како и на знаковен јазик на следниов начин: а) за избор на претседател на Републиката, во согласност со* ***принципот на еднаквост*** *за сите кандидати за претседател и во првиот и во вториот круг од изборите.*

г) **Чл. 75-ѓ, ст. 1 од ИЗ:**

*(1) За време на изборната кампања* <u>*и во првиот и во вториот круг на гласање*</u>*, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор; за двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор;* <u>*за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група можат да одвојат една минута*</u> *која се распределува по претходен писмен договор и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија* <u>*или кандидати*</u> *можат да одвојат триесет секунди кои се распределуваат по претходен писмен договор.*

## **О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

### 1. ПОДЗАКОНСКИОТ АКТ Е СПРОТИВЕН НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК!

Согласно со член 96-в од *Изборниот законик*, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) е должна да врши **перманентен мониторинг** и да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите! За извршување на таа нејзината надлежност и службена должност АВМУ го издала Упатството, кое има за цел на радиодифузерите да им го појасни начинот на примена на правилата и ограничувањата предвидени во Изборниот законик за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 година.

Меѓутоа, со **произволно и неточно толкување** на одредбите на Изборниот законик и <u>погрешно утврдена фактичката состојба во однос на позиционирањето на политичките партии во Собранието на РМ</u>, АВМУ има издадено Упатство кое е во спротивност со императивните законски правила (лат. *ius cogens*) за медиумско претставување во текот на изборната кампања.

(i) Упатството го прекршува Изборниот законик при распределбата на минутажата за платено политичко рекламирање за Претседателските избори 2024

Распределбата на минутажата за платено политичко рекламирање (ППР) за *Претседателските избори 2024* во спорната точка 3 од Упатството е засновната на **неприменлива и нерелвантна законска одредба** in concreto! Имено, таквата распределба АВМУ ја врши врз основа на <u>член 75-ѓ, став 1 од Изборниот законик</u>, законска норма која, de iure и de facto, е неприменлива за Претседателски избори воопшто, а е особено неприменлива на овие конкретни Претседателски избори 2024!!!

Членот **75-ѓ, став 1** од *Изборниот законик* исклучиво оперира со терминот „партии" и детално ја уредува медиумската минутажа за ППР која има следува во изборната кампања на партиите, а не на претседателските кандидати! На овие Претседтелски избори 2024, од вкупно седуммнината потврдени претседателски кандидати, дури шестмина (со исклучок на Гордана Силјановска-Давкова, која поднела кандидатура со пратенички потписи) имаат стекнат законски статус и правен третман на <u>независни кандидати</u>, бидејќи согласно Изборниот законик: „Независен кандидат е кандидат за избор на претседател на Републиката, пратеник, градоначалник или член на совет кој е поддржан од група избирачи" (чл. 2, ст. 1, ал. 7 од ИЗ)! Оттука, според позитивните законски прописи и домашното право, шест од седуммината претседателски кандидати се граѓански/независни, а не партиски кандидати! Впрочем, и во самите Решенија од ДИК исправно стои формулацијата дека тие се <u>поддржани од група-граѓани, а не од партии</u>! Оттука, политичката поддршка е едно, но стриктната и прецизна правна формулација со која оперира законот е нешто сосема друго и таа треба дословно да се почитува, како императивна ius cogens норма и задолжителен правен режим без простор за „креативни толкувања" од страна на регулаторот АВМУ.

Доколку се повикаме на членот 75-ѓ, ст. 1 од ИЗ, а водејќи се по нормативните **законски дефиниции**, сите шестмина независни претседателски кандидати: Стево Пендаровски, Бујар Османи, Арбен Таравари, Билјана Ванковска-Цветковска, Максим Димитриевски и Стевчо Јакимовски би требало да се стават во групата на „политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати", на кои според чл. 75-ѓ, ст. 1 од ИЗ смее да им се подели севкупно само триесет секунди во етерот – што е <u>апсурд, сам по себе</u>!

Механизмот за распределба од член 75-ѓ, ст. 1 од ИЗ несомнено го отсликува **принципот на пропорционалност** кој важи <u>за парламентарни</u>, а никако за претседателски избори – бидејќи буквално станува збор за два одделни и сосем различни изборни процеса [!?], кои се квалитативно и суштински различни избори (Претседателски и Парламентарни), кои немаат ништо заедничко, освен што се преклопуваат неколку дена од изборната кампања! Па така, за *Претседателските избори* – при што се бира инокосен орган, важи мнозински систем, со уставен цензус и два круга на гласање во една изборна единица на секои пет години; а за *Парламентарните избори* – при што се бира колегијален орган, важи пропорционален изборен систем, со Д'онтов модел на пресметка на мандатите, без никаков цензус и еден круг на гласање во шест изборни единици – на секои четири години.

Имено, во 75-а, став 1, точка б) од Изборниот законик е изречно стипулирано дека радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборниот процес во сите облици на изборно медиумско претставување, а националните радиодифузери ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на пристапен и достапен јазик и формат, како и на знаковен јазик, **за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија**, во согласност со <u>принципот на пропорционалност</u> според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници. Според официјалниот дигителен толковен речник на македонскиот јазик, *пропорција* значи „соодност на составните делови на некоја целост; сразмер".[1] Токму со член 75-ѓ, ст. 1 од ИЗ се опрелува соодносот на деловите од вкупно достапната минутажа за кандидатите (9 минути и 30 секунди), што значи дека од едно холистичко јазично и граматичко толкување на нормите во ИЗ може да се изведе непобитен заклучок дека член 75-ѓ, став 1 од ИЗ го следи принципот на пропорционалност stricto sensu!

За разлика од ова, Изборниот законик за Претсетелските избори пропишува друг принцип, и тоа **принципот на еднаквост на сите претседателски кандидати –** без исклучок, без дискриминација и без нивно вреднување или афилијација кон партија, изречно стипулиран во членот 75-а, став 1, точка а) од Изборниот законик:

> *„Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборниот процес во сите облици на изборно медиумско претставување, а <u>националните радиодифузери</u> ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на пристапен и достапен јазик и формат, како и на знаковен јазик на следниов начин: а) за избор на претседател на Републиката, во согласност <u>со принципот на еднаквост за сите кандидати</u> за претседател и во првиот и во вториот круг од изборите...".*

Овој законски принцип во *Претседателски избори 2024* би бил задоволен и испочитуван единствено доколку вкупното време на ППР од 9:30 минути биде поделено **рамноправно на сите 7 кандидати** (*<u>по 81,5 секунди за секој поединечно</u>), а не согласно некаков нееднаков „сооднос" определен според позицијата во Собранието на РМ на партиите кои на кандидатите им дале политичка поддршка.

Argumentum a fortiori, веќе има и воспоставен претходен **правен преседан** (англ. *Case law*) на минатите Претседателски избори 2019, кога тројцата тогашни кандидати за претседател на Републиката <u>делеле подеднакви делови од рекламниот колач</u> и од буџетските финансиски средства предвидени за ППР – што е сосем исправно, законски и коректно!

---

[1] Јавно достапно на: https://makedonski.gov.mk/corpus/l/proporcija-zh.

Од горенаведените принципи, АВМУ не смеело со една измешана, хибридна, споена и т.н. „**единствена формула**“ да ги распредели на ист начин медиумската минутажа за ППР за Претсетдателските иза Парламентарните избори 2024. Правно и номотехнички е невозможно да се донесе едно единствено упатство за два одделни и сосем различни изборни процеса [!?] – па АВМУ требала и морала да донесе двe одделни Упатства за радиодифузерите и ППР со две различни применливи методологии: едно за *Претседателските избори 2024*, а друго за *Парламентарните избори 2024* – како што, впрочем, и претседателот на Собранието ex lege ги распишал со две одделни решенија, а не со истото.

(ii) Оспореното Упатство отсликува и погрешно утврдена фактичка состојба vis-à-vis позиционирањето на политичките партии во Собранието на РСМ

Истовремено, АВМУ во спорната точка 3 од ова контроверзно и скандалозно Упатство има [не]намерна грешка во вака поставената **распределба на минутажата** во етерот на претседателските кандидати, со што се коси со Изборниот законик и во овој контекст. Имено, го известуваме Уставниот суд дека единствени две партии кои го исполнуваат експлицитниот услов за поделба на 1 (една) минута во етерот за почитичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група се Политичката партија ЛЕВИЦА (со 2 пратеника) и Политичката партија ДПА – Демократска партија на Албанците (со 1 пратеник), коишто на последните предвремени *Парламентарни избори 2020* настапуваа самостојно, како засебни ентитети и правни субјекти, и освоија под пет мандати – колку што, според чл. 33, ст. 2 од Деловникот на Собранието на РМ, треба за основање на пратеничка група!

Па така, **Арбен Таравари**, кој има раскол во партијата Алијанса на Албанците и чиишто пратеници гласаа за избор на оваа Влада, каде што партијата АА има дури тројца актуелни министри – спротивно на законските дефиниции, во оспореното Упатство неосновано се третира како „опозиција“[2] и истиот дели колач во втората група за ППР;

- додека пак **Стевчо Јакимовски**, чијшто единствен пратеник од ГРОМ – Љупчо Пренџов делува во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Обнова на Македонија“[3] (потпишан под реден број 44) своеволно и илегално е шверцуван и класифициран во третата група за ППР, која е загарантирана за партии кои немаат свои пратенички групи во Собранието на РМ – узурпирајќи го, на тој начин, и онака малото време за медимско рекламирање на други партии! Аргумент плус е и тоа што на претходните *Локални избори 2021*, партијата ГРОМ беше третирана како

[2] „’Опозицијата’ ја сочинуваат политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови“ [чл. 2, ст. 1, ал. 10 од ИЗ].

[3] „’Коалиција’ е здружување врз основа на договор на две или повеќе регистрирани политички партии за заедничко настапување за време на одржување на избори“ [чл. 2, ст. 1, ал. 12 од ИЗ].

„вонпарламентарна партија“ (во четвртиот, а не во третиот пакет => 4 минути + 4 минути + *1 минута* + 30 секунди) – па прашање е како може три години подоцна истата таа партија од „вонпарламентарна“ да биде третирана со статус „парламентарна“ – што е нонсенс!?

Дополнително, а видно и од официјална кореспонденција (писмено *Известување за основање пратеничка група бр. 08-2789/1* од 2.09.2020) од Кабинетот на Претседателот на Собранието на РМ, пратеникот **Љупчо Пренџов** од ГРОМ, во Собранието на РМ, официјално делува во рамки на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Обнова на Македонија“ – што значи, de iure и de facto, партијата ГРОМ не смеела да влезе во распределба на пакетот кој е законски резервиран за партии без пратенички групи! Припадноста на пратеникот Љупчо Пренџов на Коалицијата „Обнова за Македонија“ се гледа и од персоналното досие на пратеникот на официјалниот веб-сајт на Собранието на РМ (www.sobranie.mk). Конечно, името на овој пратеник на претстојните Парламентарни избори 2024 и официјално е на кандидатската листа на Политичката партија ВМРО-ДПМНЕ,[4] а не на ГРОМ (!), што ја потврдува неговата инкорпорација и дејствување во рамките на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ!!!

Оттука, иако чл. 51, ст. 2 од Уставот изречно предвидува дека „секој е должен да го почитува Уставот и законите“, со оспореното Упатство АВМУ своеволно се дрзнува не само да дерогира, туку и самостојно да креира не само легислатива, туку и имагинарна и измислена фактичка состојба која не соодветствува со реалноста! АВМУ нема никаква можност за интервенција преку подзаконски правен акт, со кој малициозно би се дерогирал или изместил постојниот јавно-правен поредок утврден во позитивното домашно законодавство, и тоа мошне подмолно – на неколку дена пред официјалниот старт на изборната кампања.

2. ОСПОРЕНИОТ ПОДЗАКОНСКИ АКТ Е СПРОТИВЕН НА ТЕМЕЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ НА УСТАВНИОТ ПОРЕДОК И НА УСТАВОТ НА РМ!

Согласно член 8 од *Уставот на РМ* (1991), темелна вредност на уставниот поредок на РМ е „**политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори**”. Основен предуслов за спроведување на демократски избори и обезбедување на политичкиот плурализам е достапноста на политичките партии до медиумите и избалансирано медиумско покривање на сите политички опции и програми. Уставниот суд е чувар на конституционализмот во Републиката, а во сржта на конституционализмот е демократскиот карактер на Републикот утврден во првиот член од Уставот! Во овој контекст, здравото функционирање на демократијата зависи од тоа колку електоратот прави избор врз основа на знаење/информираност, а тоа пак

[4] Јавно објавени во веб-страницата на Политичката партија ВМРО-ДПМНЕ: https://vmro-dpmne.org.mk/прес-конференции/муцунски-централниот-комитет-на-вмро.

зависи од информациите кои електоратот ги добива од страна на медиумите. Медиумот/радиодифузерот, како институција, ја ужива неприкосновената позицијата на доверлив примарен извор на вести и информации. Затоа, од непроценлива важност за демократијата во Републиката е сите изборни кандидати да имаат рамноправен и законит пристап до медиумите, како најлесен и честопати единствен пристап до избирачите.

Оттука произлегува дека Уставниот суд има обврска да ја чува и обезбеди **демократијата** преку заштита законитоста во распределбата на достапната медиумска минутажа за ППР за секој кандидат на Претседателските и Парламентарните избори. Со донесувањето на ваквото Упатство, а особена на спорната точка 3 во истото, АВМУ го крши Уставот и Изборниот законик, поради што Уставниот суд е должен да интервенира и да ги поништи овие одредби!

## 3. СО УПАТСТВО НЕ МОЖЕ ДА СЕ СУБРОГИРА, АБРОГИРА ИЛИ ДЕРОГИРА УСТАВ И СОБРАНИСКИ ЗАКОНИК

Во услови кога со законски одредби е предвидена изречна еднаквост помеѓу кандидадите за Претседател на Републиката, со оспорената точка 3 **се надминуваат претходно споменатите уставни и законски граници** кои ја уредуваат оваа сензитивна сфера, поради што оспорениот подзаконски акт не претставува проста операционализација на одредбите од Уставот, како и на законските одредби од Изборниот законик, туку напротив – Упатството ги надминува дадените законски рамки, што е недозволиво. Со Упатството апсолутно се нарушува системот на нормативна хиерархија и се овозможува заобиколување на предвидените уставни и законски норми, па дури и нивно кршење, а со тоа истите се спротивни на член 51 од УРМ. На овој начин, непотребно и длабоко се подрива конзистентноста на уставниот поредок и согласноста на подзаконските акти со законите и со Уставот, како и усогласеноста на нормативните текстови, кои треба да градат непротивречен правен систем во една функционална правна држава (герм. *Rechtsstaat*).

Ваквото Упатство е нејасно, неприменливоа во пракса и создава неконзистентност на правните прописи од ист и различен ранг. Оттука, оваа конструкција на оспорената точка од Упатството, неосновано и дрско го руши концептот на **владеењето на правото** (англ. *Rule od Law*), како темелна вредност на нашиот уставен поредок, а гарантиран во чл. 8 од Уставот. А за да има владеење на правото законските и подзаконските одредби треба да се јасни и разбирливи, прецизни и конзистентни со законот, доследни едни со други, зашто само на тој начин може да се елиминира можниот субјективизам на органот кој го применува правото.

Ова, дотолку повеќе што, од досегашните одлуки и решенија на Уставниот суд на РМ, токму **правната сигурност на граѓаните** на РМ е дел од фундаменталното начело на владеење на правото, односно составен и нераскинлив дел кој е инкорпориран во овој авторитативен јавно-правен стандард (ius publicum)! Според едно постоечко начелно правно мислење (лат. *opinio iuris*) на Уставниот суд, токму *владеењето на правото* подразбира „доследна примена на законските прописи кои треба да се општи, точно одредени и недвосмислено формулирани правила“ – а не непрецизни, диспророрционални, малициозни или преекстензивни привилегирачки одредби со кои се саботира и се девастира правиот поредок во корист на владејачките елити.

***

Поради сѐ што е наведено претходно, сметаме дека неуставното и незаконито *Упатство за радиодифузерите за претседателските и за парламентарните избори 2024 бр. 01-1550/1* од 29 март 2024 година, а особено неговата неправична точка 3, е инкомпатибилна со нашиот уставен поредок, при што истите одредби треба што побрзо да бидат **касирани** и веќе да не постојат во нашиот правен систем.

* НАПОМЕНА: Врз основа на досегашното лошо искуство при комуникацијата со Вашите служби, како подносители, БАРАМЕ да бидеме брзо, перманентно, навремено и писмено известени за понатамошното постапување, како и за исходот од оваа наша Иницијатива – согласно чл. 13 и чл. 22, ст. 1-2 од Вашиот Деловник за работа (Сл. весник на РМ бр. 70/1992).

*

ПРИЛОЗИ: Во прилог на овој наш поднесок – како материјални докази – Ви ги доставуваме следниве документи:

(1) **Упатство на АВМУ за радиодифузерите за претседателските и за парламентарните избори 2024 бр. 01-1550/1** (29.03.2024);

(2) **официјална кореспонденција** (писмено *Известување за основање пратеничка група бр. 08-2789/1* од 2.09.2020) прибавена од Кабинетот на Претседателот на Собранието на РМ, од која се гледа дека пратеникот Љупчо Пренцов од ГРОМ, во Собранието на РМ, официјално делува во рамки на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Обнова на Македонија“;

(3) Принт-скрин од **персоналното досие на пратеникот Љупчо Пренцов** од ГРОМ од официјалниот веб-сајт на Собранието на РМ (www.sobranie.mk) – каде се гледа неговата припадност на Коалицијата „Обнова за Македонија“;

(4) **Решение од ДИК бр. 09-933/2 за потврдување на Листа на кандидат за претседател** издадена на име на физичкото лице Билјана Ванковска-Цветковска „поддржана од најмалку 10.000 избирачи“ (а не од политичка партија), која има и отворено посебна жиро сметка за избори и ЕДБ.

С к о п ј е
1.IV.2024 год.

***П о д н о с и т е л и:***

проф. д-р **Билјана Ванковска-Цветковска**

________________________________

**ПП Левица**

________________________________
(проф. д-р Димитар Апасиев – претседател)